# ТЕХНОКОМЕРЦ АД - Скопје

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2021 ГОДИНА

Содржина

1.Општи податоци
2.Сметководствени политики и методи на вреднување
3.Политика на управување со финансиски ризици
4.Акционерски капитал
5.Примања на членови на одбор на директори
6.Финансиски резултати
    Вкупни приходи
    Вкупни расходи
    Добивка
    Основна главнина,капитал и резерви
    Долгорочни обврски
    Краткорочни обврски
    Показатели за работењето

## 1. Општи податоци за друштвото

ТЕХНОКОМЕРЦ АД-Скопје е акционерско друштво основано во 1972 год. со седиште во Република Северна Македонија.
Основната дејност на друштвото е промет на резервни делови за товарни и патнички возила, за градежни, земјоделски и рударски машини, автомобилски гуми и производство на хидраулични црева за висок притисок, гумени заптивки за автомобилска, градежна и рударска механизација.
Седиштето на друштвото е лоцирано на Бул.8 Септември бр. 42 Скопје.

Од 01.12.2017 година извршено е присоединување на СТОП&ГО ДООЕЛ-Скопје кон матичното друштво ТЕХНОКОМЕРЦ АД - Скопје кое во целост го поседуваше уделот на друштвото што се присоедини. Согласно спогодбата за присоединување СТОП&ГО ДООЕЛ го пренесе целокупниот имот, побарување и обврски на Технокомерц АД -Скопје.
На 15 мај 2020 година ставен е во функција продажниот и сервисен Салон Рено, со основна дејност трговија со половни и нови полутоварни и товарни Рено возила и извршување на сервисни услуги на товарни моротни возила.
Технокомец АД освен во Скопје, поседува и продавници кои се занимаваат со промет на товарни и патнички гуми и во Битола, Кавадарци и Штип .

Бројот на вработените во друштвото со состојба на 31.12.2021 година изнесува 63 лица.

Во 2021 година, Друштвото се соочи со голем број предизвици и направи напори да ги неутрализира ризиците од негативните трендови во општеството. Проектираниот план за 2021 година е успешно исполнет, при тоа одржувајки ја на задоволително ниво тековната ликвидност и финансиската стабилност.
Согласно актуелната состојба, предвидувањата на Друштвото се дека во 2022 година ќе продолжи порастот на цените на влезните суровини, материјали, енергенси, дополнително економоската криза ќе придонесе и на зголемување на стапката на инфлација.
Имајќи ја во предвид целокупната здраствена и екомомска криза и при тоа континуирано следејки ги инфлациските трендови, Технокомерц АД -Скопје проетираше низа мерки и активности се со цел обезбедување на континуитет во работењето и остварување на позитивен финансиски резултат.
Исто така, значајно е да се напомене дека како најзначаен приоритет на Друштвото останува грижата за вработените, преку континуирано подобрување на условите за работа и нивно мотивирање се со цел да се изгади една позитивна средина во која вработените ќе го чуствуваат претптијатието како свое и ќе го насочат својот труд кон остварување на поставените цели.

Годишниот извештај за работењето на друштвото е во согласност со Законот за трговски друштва и Правилникот за водење на сметководство и е изготвен врз основа на концептот на набавна цена освен вложувањата расположливи за продажба, кои се искажани според нивната пазарна вредност базирана на последната тргувана цена на акциите на берзата.

2. Сметководствени политики и методи на вреднување

Во 2021 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Технокомерц АД.

3. Политика на управување со финансиските ризици

Во своето работење друштвото е изложено на повеќе видови финансиски ризици како што се пазарен ризик, кредитен ризик, каматен ризик и ризик од неликвидност. Пристапот на друштвото во управувањето со финансиските ризици е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и превземање на активности за минимизирање на потенцијалните негативни ефекти од финансиските ризици.

4. Акционерски капитал

Ационерскиот капитал на друштвото се состои од 22.000 обични акции со номинална вредност од 51,13 еур по акција од кои 19923 се акции на физички лица а 2383 се акции на Технокомерц АД .
Во 2019 година извршена е промена на сопственост на акционери така да лицата Кирил Филиповски и Марјан Филиповски се стекнаа со по 5.798 акции или заедно со 52.70 % од вкупниот број на акции.

5. Примања на членови на одбор на директори

Во текот на 2021 година на членовите на одборот на директори исплатено е вкупен износ од 27,534 илјади денари.
Горенаведениот износ се состои од следниве надоместоци:
Бруто плата на износ од 26,200 илјади денари и надоместоци на име на членови на одбор на директори на износ од 1,333 илјади денари.

Лицата кои го сочинуваат Одборот на директори не членувааат во органи на управување на други друштва.

6. Финансиски резултати

Технокомерц АД - Скопје за деловната 2021 год. оствари добивка во износ од 102,438 илјади денари и забележа значителен индекс на пораст (инд.2,349.98) во споредба со предходната година.

## Вкупни приходи

Во деловната 2021 година Технокомерц АД оствари вкупни приходи во износ од 813,517 илјади денари и према 470,012 илјади денари во 2020 година бележи зголемување од 73%.

Од вкупните приходи 99.83% се приходи остварени од основната дејност на друштвото додека финансиските приходи учествуваа со 0.17 %.

## Оперативни приходи

Оперативните приходи остварија пораст од 70% и достигнаа износ 789,616 илјади денари.

Во структурата на оперативните приходи најголемо учество имаат приходите од продажба на мало и забележаа пораст од 198% во споредба со 2021 година.

Табела на оперативни приходи:

| **1. Приходи од продажба на производи и услуги** | **и з н о с** | | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | |
| Приходи од продажба на трговски стоки | 223,932,886 | 304,400,105 | 136 |
| Приходи од продажба на производи | 2,874,596 | 3,603,336 | 125 |
| Приходи од продажба на мало | 115,331,226 | 343,318,457 | 298 |
| Приходи од продажба во транзит | 113,129,583 | 136,258,455 | 120 |
| Приходи од продажба во странство | 7,317,801 | 359,024 | 5 |
| Приходи од наемнини | 1,704,665 | 1,676,421 | 98 |
| **Вкупно :** | **464,290,757** | **789,615,798** | 170 |

## Останати оперативни приходи

Во споредба со 2020 год. останатите оперативни приходи достигнаа износ од 22,507 илјади денари и забележаа пораст од 496%. Во структурата на останатите оперативните приходи, добивките од продажба на средства учествуваат со 70% и забележаа индекс на пораст од 1.931 што се должи на продажбата на акциите на Комерцијална Банка.

| **2.Останати оперативни приходи** | **и з н о с** | | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | |
| Добивки од продажба на средства | 818,295 | 15,804,032 | 1,931 |
| Приходи од вишоци | 108,176 | 57,404 | 53 |
| Прих.од наплат.отпиш.побар и отпис на обврски | 63,926 | 312,605 | 489 |
| Останати оперативни приходи | 2,788,625 | 6,333,319 | 227 |
| **Вкупно :** | **3,779,022** | **22,507,360** | 596 |

## Финансиски приходи

Финансиските приходи достигнаа износ од 1,394 илјади денари и забележаа опаѓање од 28% во споредба со предходната година.

Табела на финансиски приходи

| 3.Финансиски приходи | износ | | Индекс |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | |
| Приходи од курсни разлики и останати приходи | 291,494 | 266,751 | 92 |
| Приходи од дивиденди | 1,650,741 | 1,127,385 | 68 |
| **Вкупно :** | **1,942,235** | **1,394,136** | 72 |

## Вкупни расходи

Вкупните расходи достигнаа износ од 696,746 илјади денари и тие се за 50% поголеми во споредба со расходите остварени во 2020 година. Во структурата на вкупните расходи 99.08% се оперативните расходи, додека финансиските расходи учествуваа со 0.92%.

## Оперативни расходи

Оперативните расходи забележаа пораст од 51% во споредба со предходната година.

Во структурата на оперативните трошоци најголемо учество има набавната вредност на трговските стоки, додека најголем индекс на пораст забележаа трошоците на вработените.

Структура на оперативни расходи:

| Оперативни расходи | износ | | индекс |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | |
| Промена на залихи на готови производи | 10,203 | -6,131 | 0 |
| Набавна вредност на продадени стоки | 363,579,356 | 533,702,276 | 147 |
| Трошоци на суровини и материјали | 10,147,910 | 12,220,298 | 120 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 13,387,358 | 20,749,213 | 155 |
| Останати трошоци од работењето | 8,411,126 | 10,666,734 | 127 |
| Трошоци за вработени | 45,635,501 | 91,963,411 | 202 |
| Амортизација | 6,847,479 | 7,592,502 | 111 |
| Останати оперативни расходи | 9,959,097 | 13,443,192 | 135 |
| **Вкупно :** | **457,978,030** | **690,331,495** | 151 |

| **Останати оперативни расходи** | **и з н о с** | | **индекс** |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | |
| Загуба од продажба на мат.средства | 576,713 | 2,111,958 | 366 |
| Загуба од продажба на хартии од вредност | 626,704 | 274,308 | 44 |
| Кусоци на стоки | 357,004 | 199,585 | 56 |
| Отпис на побарувања | 3,388,386 | 1,467,490 | 43 |
| Дополнително одоврени рабати | 4,216,286 | 5,580,053 | 132 |
| Казни, пенали и надоместоци на штета | | 32,024 | |
| Останати расходи од работењето | 794,004 | 3,777,774 | 475 |
| | | | |
| **Вкупно :** | **9,959,097** | **13,443,192** | 135 |

Останатите оперативни трошоци се зголемени за 35 % во однос на споредбениот период.
Во 2021 година имаме зголемувањето на трошокот на одобрени рабати за навремено плаќање за 32%, што резултираше со зголемување на наплатата на побарувањата во доспеан рок споредбено со 2020 година.

## Финансиски расходи

Финансиските расходи достигнаа износ од 6,408 илјади денари и во споредба со 2020 година тие забележаа пораст од 11% .

Табела на финансиски расходи

| **Финансиски расходи** | **и з н о с** | | **индекс** |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | |
| Расходи по основ на камати | 5,498,413 | 5,334,066 | 97 |
| Негативни курсни разлики | 292,507 | 737,732 | 252 |
| Останати финансиски расходи | | 336,335 | |
| **Вкупно :** | **5,790,920** | **6,408,133** | **111** |

Во текот на годината платени се камати по кредити од банки на износ 5,334 илјади денари и бележат намалување од 3%.

## Добивка

Во деловната 2021 година остварена е бруто добивка во износ од 116,778 илјади денари и бележи значително зголемување во споредба со 2020 година кога изнесуваше 6,243 илјади денари.

Учеството на добивката пред оданочување во вкупниот приход изнесува 14,33% према 1.33% во претходната година.

Пресметаниот данок на добивка изнесува 14,339 илјади денари и во споредба со 2020 година кога изнесуваше 1,884 забележа зголемување од 661%.

Добивката по оданочување изнесува 102,438 илјади денари. Учеството на нето добивката во вкупниот приход изнесува 12.59% према 0,92% во претходната година.

## Вкупни средства

Вкупните средства, достигнаа износ од 505,185 илјади. Во структурата на вкупните средства нетековни средстваа учествуват со 17% додека тековните средства имаат учество од 83 % во вкупните средства.

## Нетековни средства

Нетековните средства забележија намалување од 16% во однос на споредбениот период.

Табела на нетековни средства:

| **Нетековни средства** | **и з н о с** | | **индекс** |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | |
| Нематеријални средства | 715,009 | 1,111,414 | 155 |
| Недвижности,постројки и опрема | 78,367,764 | 78,216,191 | 100 |
| Вложувања во недвижности | 6,150,000 | 6,150,000 | 100 |
| Вложувања во хартии од вредност | 17,181,846 | | 0 |
| Останати долгорочни побарувања | 1,060,000 | 940,000 | 89 |
| **Вкупно:** | **103,474,619** | **86,417,605** | 84 |

Технокомерц АД-Скопје располагаше со 2,354 обични акции на Комерцијална Банка АД -Скопје. На 01.02.2021 год. менаџментот одлучи да продаде 1,466 акции по пазарна цена од 7,799 денари по акција, додека на 04.02.2021 год. се продадоа останатите 888 акции по пазарна цена од 7,776 денари. Приливот од продажбата на акциите се искористи за подмирување на дел од краткорочните кредити додека останатиот дел од приливот се искористи за вложување во акции на странските берзи.

Материјалните и нематеријалните средства се евидентирани по набавна вредност намалени за акумулираната амортизација која се пресметува врз основа на објавената номенклатурата на средствата за амортизација и годишните стапки за амортизација.

## Тековни средства

Тековните средства изнесуваат 418,768 илјади денари и бележат зголемување од 34% во однос на предходната година.

Табела на тековни средства

| **Тековни средства** | **и з н о с** | | **индекс** |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | |
| Залихи | 128,106,418 | 125,881,425 | 98 |
| Краткорочни побарувања | 151,929,584 | 238,767,553 | 157 |
| Краткорочни финасиски средства | 15,619,180 | 42,155,268 | 270 |
| Пари и парични еквиваленти | 15,955,791 | 11,496,422 | 72 |
| Платени трошоци за идни периоди( АВР) | 521,735 | 467,224 | 90 |
| **Вкупно :** | **312,132,708** | **418,767,892** | 134 |

## Залихи

Вкупните залихи достигнаа износ од 125,881 илјади денари и во однос на споредбениот период забележаа намалување од 2 %.

Табела на вкупни залихи

| **Залихи** | **и з н о с** | | **индекс** |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | |
| Материјали | 1,508,596 | 1,360,198 | 90 |
| Ситен инвентар и авто гуми | 1,757,556 | 1,371,071 | 78 |
| Производство | 159,129 | 164,241 | 103 |
| Готови производи | 98,775 | 99,794 | 101 |
| Трговски стоки | 124,582,362 | 122,886,121 | 99 |
| **Вкупно :** | **128,106,418** | **125,881,425** | 98 |

## Краткорочни побарувања

Вкупните краткорочни побарувања на друштвото изнесуваа 238,767 илјади денари и бележат зголемување од 57 % во споредба со 2020 год.

Во 2021 година имаме нови утужени побарувања во износ од 7,205 илјади денари . Од вкупните утужени побарувања наплатени се 8,042 илјади денари .

| **Краткорочни побарувања** | **и з н о с** | | **индекс** |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | |
| Побарувања од купувачи во земјата | 127,037,191 | 182,808,733 | 144 |
| Сомнителни и спорни побарувања | 20,768,509 | 19,851,392 | 96 |
| Побарувања од купувачи во странство | 51,070 | 43,385 | 85 |
| Побарувања по аванси | 1,626,961 | 23,577,962 | 1,449 |
| Останати краткорочни побарувања | 2,445,853 | 12,486,081 | 511 |
| **Вкупно :** | **151,929,584** | **238,767,553** | 157 |

## Основна главнина, капитал и резерви

Сопствените извори на средства на друштвото на 31.12.2021 година остварија зголемување од 40% .
Во структурата на вкупните извори на средства тие учествуваа со 60,8% према 53.83% во 2020 год.

Табела на капитал и резерви :

| **Траен капитал** | **и з н о с** | | **индекс** |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | |
| Акционерски капитал | 57,665,080 | 57,665,080 | 100 |
| Сопствени акции | -6,246,177 | -6,246,177 | 100 |
| Премии на емитирани акции | 19,954,319 | 19,954,319 | 100 |
| Резерви | 43,361,338 | 31,713,848 | 73 |
| Акумулирана добивка | 104,825,829 | 204,264,319 | 195 |
| **Вкупно:** | **219,560,389** | **307,351,388** | 140 |

Од остварената добивка во 2021 година 18,000 илјади денари е издвоено за инвестиции во наредната година.

## Вкупни обврски

Вкупните обврски на друштвото достигнаа износ од 197,833 илјади денари и во споредба со 2020 година тие се зголемени за 1%. Во вкупните извори на средства тие учествуваат со 39%.

## Долгорочни обврски

Табела на долгорочни обврски:

| **Долгорочни обврски** | **и з н о с** | | **индекс** |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | |
| Обврски за долгорочни кредити | 65,600,164 | 49,018,099 | 75 |
| **Вкупно :** | **65,600,164** | **49,018,099** | 75 |

Вкупната кредитна задолженост е намалена за 21% во однос на 2020 година и изнесува 113,045 илјади ден
Обврските за долгорочни кредити се намалени за 25% а обврските за краткорочни кредити се намалени за 18 % во однос на предходната година.

На 31.12.2021 година обврските према државата за ДДВ изнесуваа 7,059 илјади денари.

## Краткорочни обврски

Краткорочните обврски на друштвото се зголемија за 14% и во вкупните извори на средства тие учествуваа со 29%.

Табела на обврски према добавувачи :

| **Краткорочни обврски према добавувачи и останати обврски** | **и з н о с** | | **индекс** |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | |
| Обврски према добавувачи во земјата | 19,534,780 | 12,057,854 | 62 |
| Обврски према добавувачи во странство | 31,632,946 | 48,296,681 | 153 |
| Обврски по краткорочни кредити | 77,848,710 | 64,027,374 | 82 |
| Останати краткорочни обврски | 1,430,338 | 24,434,101 | 1,708 |
| **Вкупно :** | **130,446,774** | **148,816,010** | 114 |

Технокомерц АД-Скопје, успешно ја реализираше поставената деловна стратегија за 2021 година што резултираше со постигнување на рекордна нето добивка од 102,438 илјади денари.

# Финансиски показатели

## Показатели на профитабилност

| | Елементи | | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Однос на добивка пред оданочување и вкупна актива ( РОА ) | % | 1.50 | 23.12 |
| 2 | Однос на добивка за финансиска година и вкупна актива ( РОА ) | % | 1.05 | 20.28 |
| 3 | Однос на добивка пред оданочување и капитал и резерви | % | 2.84 | 37.99 |
| 4 | Однос на добивка за финансиска година и капитал и резерви ( РОЕ ) | % | 1.99 | 33.33 |
| 5 | Добивка пред оданочување по работник | ден. | 99,096 | 1,883,511 |
| 6 | Добивка за финансиска год.по работник | ден. | 69,192 | 1,652,234 |
| 7 | Добивка за финан.година и амортизац. | % | 2.70 | 21.78 |
| 8 | Нето профитна маржа | % | 0.93 | 12.59 |

## Показатели на деловна ефикасност

| | Елементи | | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Денови на врзување на залихите однос мегу производот на вредноста на залихите и број на денови во годината спрема приходи од редовно работење | број | 100 | 56 |
| 2 | Денови на врзување на побарувањата однос мегу производот на вредноста на побарувањата и број на денови во годин. спрема приходи од редовно работење | број | 119 | 107 |
| 3 | Денови на плаќање на обврските однос мегу производот на вредноста на краткор.обврски и број на денови во год. спрема трошоци од редовно работење | број | 104 | 78 |
| 4 | Коефициент на обрт на залиха однос мегу приходи од редов.раб.и залихи | број | 3.65 | 6.45 |
| 5 | Коефициент на обрт на целокупен имот однос мегу вкупен приход и вкупни средст. | број | 1.13 | 1.61 |

**Показатели за ликвидност**

| | Елементи | | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Моментна ликвидност<br>Однос мегу парични средства и хартии од вредност и краткорочни обврски | % | 12.23 | 7.73 |
| 2 | Тековна ликвидност<br>Однос мегу тековни средства намалени за залихи и краткорочни обврски | % | 337.09 | 196.50 |
| 3 | Општа ликвидност<br>Однос мегу тековни средства и краткор. обврски | % | 238.88 | 281.09 |

**Показатели на финансиска стабилност**

| | Елементи | | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Финансиска сигурност<br>Капитал и резерви према вкупна пасива | % | 52.83 | 60.84 |
| 2 | Степен на кредитна способност<br>Капитал, резерви и долгор.обврски према<br>постојани средства | % | 275.59 | 412.38 |
| 3 | Степен на самофинансирање<br>Капитал и резерви према постојани средства и залихи | % | 94.81 | 144.77 |
| 4 | Степен на задолженост<br>Вкупни долгови према капитал и резерви | % | 89.29 | 64.37 |
| 5 | Степен на покритие на тековните средства | % | 58.31 | 64.54 |
| 6 | % на кредитна задолженост<br>Обв.по кредити намалени за паричнисред.<br>према капитал и резерви | % | 58.07 | 33.04 |

**Показатели на економичност**

| | Елементи | | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Однос мегу приходи и расходи | % | 101.35 | 116.76 |
| 2 | Однос мегу приходи и расходи од редовно работење | % | 101.60 | 117.64 |
| 3 | Однос мегу финансиски приходи и финансиски расходи | % | 16.69 | 21.76 |
| 4 | Однос на добивка пред оданочување и приходи од работење | % | 1.33 | 14.38 |
| 5 | Однос на добивка за финанансис.година и приходи од редовно и вонред.работење | % | 0.93 | 12.61 |

ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје